**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ДОЈРАН**

Бр.12-838/3 од 10.07.2024год.

Градоначалникот на општина Дојран, решавајќи по барањето на Друштво за градежништво, трговија и услуги НИМАЕР ДООЕЛ од Струга, заведено како број на постапка 59997, за одобрување на проектна програма, врз основа на член 44 од Законот за урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ“ бр. 32/20 и 111/23), го издава следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

Се одобрува Проектна програма, со технички број 03-95-1/23 од Февруари 2024година изработена од Друштво за градежништво, трговија и услуги НИМАЕР ДООЕЛ од Струга, за изработка на Урбанистички проект за инфраструктура за поставување на среднонапонски кабелски вод (NA2XS(F)2Y (1x150mm$^2$) / RM25 12/20kv) од трафостаница до приклучна точка 1,К.О.Ѓопчели, Општина Дојран.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот Друштво за градежништво, трговија и услуги НИМАЕР ДООЕЛ од Струга, поднесе барање за одобрување на Проектна програма, со технички број 03-95-1/23 од Февруари 2024година, изработена од Друштво за градежништво, трговија и услуги НИМАЕР ДООЕЛ од Струга, за изработка на Урбанистички проект за инфраструктура за поставување на среднонапонски кабелски вод (NA2XS(F)2Y (1x150mm$^2$) / RM25 12/20kv) од трафостаница до приклучна точка 1,К.О.Ѓопчели, Општина Дојран.

Со барањето ја приложи следната документација:

- Проектна програма за Урбанистички проект за инфраструктура за поставување на среднонапонски кабелски вод (NA2XS(F)2Y (1x150mm$^2$) / RM25 12/20kv) од трафостаница до приклучна точка 1,К.О.Ѓопчели, Општина Дојран, изработена од Друштво за градежништво, трговија и услуги НИМАЕР ДООЕЛ од Струга, со технички број 03-95-1/23 од Февруари 2024година, со должина на среднонапонски кабелски вод кој изнесува вкупно 351м,
- Решение за одобрени услови за планирање на просторот,
- Услови за планирање на просторот
- Предлог за одобрување на проектна програма од комисијата за урбанизам,
- Полномошно

Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот на Општина Дојран со решение Бр.04-566/1 од 28.04.2022година, по проучувањето на приложената документација со барањето и извршениот увид, констатира дека барањето е основано и Проектната програма може да се одобри,
Истото го потврди со Предлог за одобрување со Бр.12-838/2 од 09.07.2024година.

Градоначалникот на општина Дојран по извршениот увид на приложената документација со барањето и предлогот од Комисијата за урбанизам, констатира дека барањето е основано и се исполнети условите од член 44 од од Законот за урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ„ бр.32/20 и 111/23), и член 58 од Правилникот за Урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ„ бр.225/20, 219/21, 104/22 и 99/23),

Врз основа на горе изнесеното Градоначалникот на општина Дојран одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова решение може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот.

Изработил:Блажо Катранџиев

Blazho Katrandjiev

Digitally signed by Blazho Katrandjiev
Date: 2024.07.10 12:01:48 +02'00'

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАДОНАЧАЛНИК ОПШТИНА ДОЈРАН

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА ДОЈРАН

АНГО АНГОВ